Градежно трговско друштво
Бетон-Штип а.д.
Бр. 02-819/1
27.05. 2016 год.
Штип

Врз основа на член 353 и член 456 од Законот за трговските друштва, а во согласност со член 96, член 97, член 98 и член 99 од Статутот на ГТД Бетон-Штип АД Штип – Пречистен текст, Собранието на акционери на ГТД Бетон-Штип АД Штип на седницата одржана на ден 27.05.2016г. ја донесе следната :

## ОДЛУКА

### За пренос на удел во трговско друштво

**1.СЕ ОДОБРУВА** склучување на зделка што претставува продажба на уделите што претставуваат 100% од основната главнина на Друштвото ОМЕГА БИЛДИНГ ДООЕЛ ШТИП , со седиште на ул.Ванчо Прќе бр.119 Штип, со ЕДБ 4080010513829 и ЕМБС 6616259 , за вкупна цена која што неможе да биде пониска од 4.500.000,00 ЕУР во денарска противвредност, што ја претставува вредноста на зделката по пат на прибирање на понуди од заинтересираните купувачи.

2.Собранието на акционери на ГТД Бетон-Штип АД Штип, потврдува и одобрува дека согласно Законот за трговски дрштва наведената зделка на износ од 4.500.000,00 ЕУР е над 20% однсно истата изнесува 25,9% од книговодствената вредност на Друштвото по последната ревидирана завршна сметка.

3.Се овластува Одборот на директори на ГТД Бетон-Штип АД Штип врз основа на оваа Одлука да донесува свои Одлуки за спроведување и релизација на оваа одлука и истата да ја спроведе најдоцна до 31.12.2016Г.

4.Со донесување на оваа Одлука, Друштвото потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука согласно одредбите од СТД и важечкиот Статут на Друштвото.

**ГТД БЕТОН-ШТИП АД ШТИП**

**Претседавач**

**Ѓеорги Ѓеоргиев**

Градежно трговско друштво Бетон-Штип а.д. Штип